Врз основа на член 73 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) и член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови (Службен весник на РСМ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на 18 мај 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Постапката по Приговорот на Симона Тасевска УП2 бр. 09-46/26 од 28 јануари 2026 година против 33 Фактури за испорачана електрична енергија за период од март 2023 година до декември 2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Приговараните Фактури за испорачана електрична енергија за период од март 2023 година до декември 2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВААТ.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Симона Тасевска до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-46/26 од 28 јануари 2026 година против Фактури за испорачана електрична енергија бр. 33 Фактури за испорачана електрична енергија за период од март 2023 година до декември 2025 година година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Според ЕВН ХОМЕ – мерното место 103001132034 заклучно со датумот 08.01.2026 се фактурирало како мал потрошувач, од датум 09.01.2026 тарифата е променета во домаќинство. односно во фактурата со број 1160109812 регистрираните kWh во периодот 19.12.2025 - 08.01.2026 се фактурирани по цени за мал потрошувач додека во периодот 09.01.2026-20.01.2026 фактурирани се за домаќинство. Корисникот по негово барање има можност да склучи спогодба за плаќање на рати доколку се обрати во соодветната приемна канцеларија (Кориснички Енерго Центар).

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 17 февруари 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-46/26 од 28 јануари 2026 година со прилог:

-Приговараните фактури

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 9 февруари 2026 година со прилог:

-Извештај за отчитани состојби на броилото од 20.01.2026 година

-Фактура бр. 1160109812 од 24.01.2026 за период 19.12.2025-20.01.2026

На седницата се заклучи ЕВН да се произнесе за промената на категорија на приклучок, при што на 1 април 2026 година беше доставен одговор според кој од датум 09.01.2026 година тарифата е променета во домаќинство и оттогаш кај корисникот се прави пресметка на потрошена електрична енергија по цена за домаќинство, односно по цена за висока и ниска тарифа.

На 6 април 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше и се заклучи ЕВН да достави подетална информација за промена на категоријата на потрошувач, при што на 20 април беше доставен работен налог од 08.01.2026 година.

На 20 април 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше и се заклучи ЕВН да се произнесе за конкретните причини врз кои е извршена промената на тарифната категорија на корисникот од категорија домаќинство во категорија мал потрошувач, точниот датум на стапување во сила на наведената промена, како и интерниот запис врз чија основа е спроведена истата и соодветната придружна документација и релевантните докази со кои се оправдува промената (како нов или изменет договор, промена на намената на објектот).

На 11 мај ЕВН повторно го достави горенаведениот Работен налог при што напомена дека од истиот е видливо кога е направена контролата на лице место и од кога е сменета тарифата во домаќинство.

На 12 мај 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Имено, при извршена контрола во март 2023 е утврдено дека на местото на потрошувачка електричната енергија се користи за семејни и комерцијални цели. Во периодот март 2023 – декември 2025 не се извршени дополнителни контроли или верификации на лице место, па објектот останал категоризиран и фактуриран по комерцијални тарифи.

Дури во јануари 2026, по приговорот на потрошувачот и извршената проверка, е утврдено дека електричната енергија се користи за семејни цели и објектот е прекатегоризиран како домаќинство.

Заради тоа, фактурите за претходниот период остануваат важечки и нема правна основа за ретроактивна префактурирање по тарифи за домаќинства

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–46/26**
**18 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**